РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 03-1498/1
17-03- 2016 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон и со одземање на дозволата од страна на Агенцијата.

Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 29.02.2016 година, согласно со Заклучок бр.02-1148/12 од 07.03.2016 година, донесе Одлука Уп 1 бр.08-55 од 07.03.2016 година, со која ја одзеде дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2016 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполни обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го плати надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, врз основа на што ТРД Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, се брише од регистарот на радиодифузери.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-55 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за радио емитување на

Трговското радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**Д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ТРД Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар;
- Агенција за електронски комуникации.